РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 12-6558/2
06.06 2018 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ 1

| Примено: | 7. 6. 2018 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 08 | 8/47 | - | |

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02 и 82/08, 167/10 и 51/11) и член 25 став 2 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија" бр.103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18), министерот за образование и наука донесе

Архивски знак.
Рок на чување.
20 год.
Потпис.

***РЕШЕНИЕ***

***за дополнување на Наставниот план за деветгодишното основно образование***

1.Со ова Решение се дополнува Наставниот план за деветгодишното основно образование, односно по фуснотата 1 се додава нова реченица: „Наставниот план ќе се применува и за паралелките на босански јазик, сукцесивно од прво одделение од учебната 2018/19 година".

2.Составен дел на ова решение е Наставниот план за деветгодишното основно образование.

3.Ова Решение стапува во сила од денот на неговото донесување, а ќе започне да се применува од учебната 2018/2019 година во деветгодишното основно образование.

**Образложение**

Врз основа на член 25 став 2 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија" бр.103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18), министерот за образование и наука донесува наставни планови и програми кои ги подготвува Бирото за развој на образованието.

Дополнувањето на наставниот план за деветгодишното основно образование и воведувањето на босанскиот јазик како наставен јазик сукцесивно од прво одделение од учебната 2018/2019 година се врши согласно заклучоците од педесет и шестата седница на Владата на Република Македонија.

МИНИСТЕР,
Dr. Arbër Ademi

Доставено до:
- Биро за развој на образованието;
- Архива.

## НАСТАВЕН ПЛАН ЗА ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

| Наставни предмети [1]<br>Задолжителни предмети | одделение | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | I | | II | | III | | IV | | V | | VI | | VII | | VIII | | IX | |
| | н | г | н | г | н | г | н | г | н | г | н | г | н | г | н | г | н | г |
| - Македонски јазик | 6 | 216 | 6 | 216 | 6 | 216 | 5 | 180 | 5 | 180 | 4 | 144 | 4 | 144 | 4 | 144 | 4 | 144 |
| - За учениците од другите заедници нивниот мајчин јазик, албански, турски српски или босански јазик<br>- Македонски јазик за учениците од другите заедници | | | | | | | 2 | 72 | 2 | 72 | 3 | 108 | 3 | 108 | 2 | 72 | 2 | 72 |
| - Математика | 5 | 180 | 5 | 180 | 5 | 180 | 5 | 180 | 5 | 180 | 5 | 180 | 4 | 144 | 4 | 144 | 4 | 144 |
| - Англиски јазик | 2 | 72 | 2 | 72 | 3 | 108 | 3 | 108 | 3 | 108 | 3 | 108 | 3 | 108 | 3 | 108 | 3 | 108 |
| - Втор странски јазик | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 |
| - Ликовно образование | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 1 | 36 | 1 | 36 | 1 | 36 | 1 | 36 |
| - Музичко образование | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 1 | 36 | 1 | 36 | 1 | 36 | 1 | 36 |
| - Природни науки | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | - | - | - | - | - | - |
| - Техничко образование | - | - | - | - | - | - | 1 | 36 | 2 | 72 | 1 | 36 | - | - | - | - | - | - |
| -Работа со компјутер и основи на програмирањето | - | - | - | - | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | - | - | - | - | - | - | - | - |
| - Информатика | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 2 | 72 | 1 | 36 | - | - | - | - |
| - Општество | 1 | 36 | 1 | 36 | 1 | 36 | 2 | 72 | 2 | 72 | - | - | - | - | - | - | - | - |
| - Географија | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 |
| - Историја | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 |
| - Етика | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 1 | 36 | - | - | - | - |
| - Граѓанско образование | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 1 | 36 | 1 | 36 |
| - Биологија | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 |
| - Физика | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 2 | 72 | 2 | 72 |
| - Хемија | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 2 | 72 | 2 | 72 |
| - Иновации | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 1 | 36 |
| - Физичко и здравствено образование | 3 | 108 | 3 | 108 | 3 | 108 | 3 | 108 | 3 | 108 | 3 | 108 | 3 | 108 | 3 | 108 | 3 | 108 |
| - Вкупно за задолжителни предмети | 23 | 828 | 23 | 828 | 26 | 1008 | 27(29) | 972 | 28(30) | 1116 | 28 (31) | 1116 | 26 (29) | 1044 | 29 (31) | 1116 | 30 (32) | 1152 |
| **- Број на задолжителни предмети** | 8 | | 8 | | 9 | | 10 (11) | | 10 (11) | | 12 (13) | | 12 (13) | | 13 (14) | | 14 (15) | |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **- Изборни предмети[2]** | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| - Јазик и култура на Власите[3] | - | - | - | - | 1 | 36 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 |
| - Јазик и култура на Ромите[3] | - | - | - | - | 1 | 36 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 |
| - Јазик и култура на Бошњаците[3] | - | - | - | - | 1 | 36 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 |
| - Творештво[4] | - | - | - | - | - | - | 1 | 36 | 1 | 36 | - | - | - | - | - | - | - | - |
| - Етика на религии[5]<br>- Запознавање на религиите[5]<br>- Класична култура во европската Цивилизација[5] | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 2 | 72 | - | - | - | - | - | - |
| - Други изборни предмети (види листа)[6] | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 |
| - Албански јазик | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 |
| **- Број на изборни предмети** | - | | - | | 1 | | 1-2 | | 1-2 | | 1-3 | | 1-3 | | 1-3 | | 1-3 | |
| **- Вкупно часови по изборни предмети** | | | | | 1 | | 1-3 | | 1-3 | | 2-6 | | 2-6 | | 2-6 | | 2-6 | |
| - Дополнителна и додатна настава | - | - | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 | 2 | 72 |
| - Час на одделенската заедница | - | - | 1 | 36 | 1 | 36 | 1 | 36 | 1 | 36 | 1 | 36 | 1 | 36 | 1 | 36 | 1 | 36 |
| - Училиштен хор | 3 часа неделно, односно 108 часа годишно | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| - Училиштен оркестар | 3 часа неделно, односно 108 часа годишно | | | | | | | | | | | | | | | | | |

[1] Овој наставен план се применува и во паралелките со настава на албански, турски и српски јазик.

Наставниот план ќе се применува и за паралелките на босански јазик, сукцесивно од прво одделение од учебната 2018/19 година.

[2] Училиштето организира изборна настава за изборните предмети за кои се пријавени најмалку 15 ученици од исто одделение (од иста или од различни паралелки).

[3] Учениците припадници на влашката, ромската и бошњачката заедница во согласност со родителите може да го изучуваат влашкиот, ромскиот или бошњачкиот јазик и култура. Учениците кои ќе изберат еден од овие предмети го изучуваат континуирано. Учениците доколку се определат да го изучуваат овој предмет, го изучуваат секогаш како втор, односно трет изборен предмет.

[4] Учениците во IV и V одделение можат да изберат да го изучуваат и изборниот пртедмет *творештво*.

[5] Ученикот во VI одделение избира еден од наведените предмети *Запознавање на религиите*, *Етика на религиите* или *Класична култура во европската цивилизација*. Доколку учениците изучуваат *јазик и култура на Власите*, *јазик и култура на Ромите*, *јазик и култура на Бошњаците* или *албански јазик* како изборен предмет, тогаш тие изучуваат два изборни предмети.

Листа на изборни премети за VII одделение: нашата татковина, воспитание за околината, истражување на родниот крај, танци и народни ора, проекти од музичката уметност, проекти од ликовната уметност, техничко образование, проекти од информатиката, изборен спорт, унапредување на здравјето, вештини за живеење. Учениците избираат еден предмет. Доколку учениците изучуваат *јазик и култура на Власите*, *јазик и култура на Ромите*, *јазик и култура на Бошњаците* или *албански јазик* како изборен предмет, тогаш тие изучуваат два изборни предмети.

Листа на изборни премети за VIII одделение: нашата татковина, воспитание за околината, истражување на родниот крај, танци и народни ора, проекти од музичката уметност, проекти од ликовната уметност, техничко образование, проекти од информатиката, изборен спорт, унапредување на здравјето, вештини за живеење, програмирање. Учениците избираат еден предмет. Доколку учениците изучуваат *јазик и култура на Власите*, *јазик и култура на Ромите*, *јазик и култура на Бошњаците* или *албански јазик* како изборен предмет, тогаш тие изучуваат два изборни предмети.

Листа на изборни премети за IX одделение: нашата татковина, воспитание за околината, истражување на родниот крај, танци и народни ора, проекти од музичката уметност, проекти од ликовната уметност, техничко образование, проекти од информатиката, изборен спорт, унапредување на здравјето, вештини за живеење, програмирање Учениците избираат еден предмет. Доколку учениците изучуваат *јазик и култура на Власите*, *јазик и култура на Ромите*, *јазик и култура на Бошњаците* или *албански јазик* како изборен предмет, тогаш тие изучуваат два изборни предмети.

**Напомена:** Од листата на изборните предмети за VIII одделение (за секоја паралелка одделно) се изоставa изборниот предмет што го избрале и изучувале учениците (во истата паралелка) во VII одделение. Од листата на изборните предмети за IX одделение (за секоја паралелка одделно) се изоставаат изборните предмети што го избрале и изучувале учениците (во истата паралелка) во VII и VIII одделение.